**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКТОР ЗА СООБРАЌАЈ

Бул. Илинден 6б
1000 Скопје
HYPERLINK "http://www.skopje.gov.mk"www.skopje.gov.mk.

Тел.: 02/ 3 297 310
Факс: 02/ 3 297 308

**Наш број:** 15–сл.
**Дата:** 28.12.2022
Скопје

**Ваш број:** /
**Дата:** /
Скопје

**До**
**Градоначалник на Град Скопје**
**г-дин Данела Арсовска**

Почитуван,

Секторот за Сообраќај, изготви: ПРЕДЛОГ – ОДЛУКА за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“ - Скопје за 2023 година

Предлог одлуката е усогласена со Секторот за правни работи и предлагаме истата да ја поставите како точка на дневен ред на наредната седница на Совет на Град Скопје

Со почит,

Изработил
Александар Станковски, д.с.и.

__________________________

Контролирал
Зоран Дамјановски, д.с.и.

__________________________

Odобрил:
По овластување на Градоначалник
Христина Кајевиќ

__________________________

**До**
**Претседател на**
**Советот на Град Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Доставување на материјал за седница**

Почитувани,

Ве молиме да ја поставите како точка на дневен ред на наредната седница на Советот на Град Скопје, ПРЕДЛОГ–ОДЛУКА за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“ - Скопје за 2023 година.

Предлог одлуката е усогласена со Секторот за правни работи.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ

Данела Арсовска

_________________________

**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за сообраќај**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на сектор за сообраќај**
**По овластување од Градоначалник**

**П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А**
за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“ - Скопје за 2023 година

Скопје, декември 2022 год.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), и член 8-б од Законот за јавните претпријатија ( „Службен весник на РМ“, бр.38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/18; 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 89/22) Советот на Град Скопје на ________ седница, одржана на ______, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на субвенции на ЈСП „Скопје“ - Скопје за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Градот Скопје му дава субвенции на ЈСП „Скопје„ – Скопје, наменети за:

- Обезбедување на карти за возрасни лица -бесплатен превоз на возрасни лица (над 62 години старост за жени и над 64 години старост за мажи) во вторник, петок, сабота и недела, и бесплатен превоз на редовни студенти на додипломски студии на државните универзитети во износ од 130.000.000,00 денари;
- Потешкотии во работењето, во износ од 440.000.000,00 денари;
- Функционирање на АЛВ и систем за интелегентна наплата, во износ од 60.000.000,00 денари;

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2023 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __ – _______
__ декември 2022 година

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Правен основ за донесување на оваа Одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 5/02) и член 8-б од Законот за јавните претпријатија ( „Службен весник на РМ“, бр.38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 89/22 ).

Во Буџетот на Град Скопје за 2023 година се предвидени 130.000.000,00 денари средства за бесплатен превоз на најранливата категорија на патници и тоа возрасни лица (над 62 години старост за жени и над 64 години старост за мажи) во вторник, петок, сабота и недела и бесплатен превоз на редовни студенти на додипломски студии на државните универзитети

Согласно препораките на Меѓународната асоцијација за патен транспорт (ИРУ), како и Меѓународната асоцијација за јавен транспорт (УИТП), Советот на Градот Скопје уште во 2008 година започна да го субвенционира Јавното сообраќајно претпријатие. Изминатиов период цената на нафтата кој е основен енергенс и најголем материјален трошок на претпријатието драстично се зголеми со што дополнително се зголемија трошоците, и се загрози нормалното функционирање на ЈСП . Со цел надминување на ваквите состојби и подобрување на квалитетот на јавниот превоз на поширокото подрачје на Град Скопје, во Буџетот на Град Скопје за 2023 год, за ЈСП „Скопје“ Скопје предвидени се 440.000.000,00 денари за потешкотии во работењето.

Во текот на 2014 година, ЈСП „Скопје“ - Скопје набави опрема за имплементација на системите за АЛВ и за интелигентна наплата. Со цел нормално функционирање и редовно одржување на информатичката и компјутерска технологија за потребите на ЈСП „Скопје“- Скопје, во Буџетот на Град Скопје за 2023 год се предвидени 60.000.000,00 ден.

Од претходно наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за субвенционирање на ЈСП „Скопје“ – Скопје за 2023 година.